Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Педесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 6 јуни 2022 година**

**Скопје, јуни 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Педесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 6 јуни 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 9:30 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски.

На седницата учествуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, доц. д-р Бисера Костадиновска Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, Филип Николоски, заменик на министерот за финансии и м-р Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

На седницата учествуваше и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Информација во врска со склучувањето на „Договорот за соработка помеѓу земјите од Западен Балкан од областа на меѓусебното признавање на дипломи и научни степени издадени од високообразовни институции и други овластени институции“, во рамки на Иницијативата „Отворен Балкан“, со усогласен текст на Договор

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

4. Записник од Петтата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 2 јуни 2022 година, Записник од Првата седница на Групата за процена, одржана на 25 мај 2022 година, Информација за проценка на ризик од настанување на кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија и Записник од Дваесеттиот состанок на Комисијата за следење на состојбите со снабдување со електрична енергија, одржан на 20 мај 2022 година, со Предлог-одлука

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата повторно ја разгледа Информацијата во врска со склучувањето на Договорот за соработка помеѓу земјите од Западен Балкан од областа на меѓусебното признавање на дипломи и научни степени издадени од високообразовни институции и други овластени институции, во рамки на Иницијативата „Отворен Балкан“, со усогласен текст на Договор и притоа заклучи:

1. Ја усвои Информацијата во врска со склучувањето на Договорот за соработка помеѓу земјите од Западен Балкан од областа на меѓусебното признавање на дипломи и научни степени издадени од високообразовни институции и други овластени институции, во рамки на Иницијативата „Отворен Балкан“, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Информацијата со Секретаријатот за законодавство (во самата Информација да се наведе дека претседателот на Владата на Република Северна Македонија ќе го потпише Договорот).

2. Го прифати усогласениот текст на Договорот за соработка помеѓу земјите од Западен Балкан од областа на меѓусебното признавање на дипломи и научни степени издадени од високообразовни институции и други овластени институции, со заклучок истиот да се усогласи со Секретаријатот за законодавство (основ да биде англиската верзија на Договорот со тоа што потписници на Договорот да бидат претседателите на владите на трите држави).

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

**Точка 4**

Владата ги разгледа Записникот од Петтата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 2 јуни 2022 година, Записникот од Првата седница на Групата за процена, одржана на 25 мај 2022 година, Информацијата за проценка на ризик од настанување на кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија и Записникот од Дваесеттиот состанок на Комисијата за следење на состојбите со снабдување со електрична енергија, одржан на 20 мај 2022 година, со Предлог-одлука и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Петтата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, одржана на 2 јуни 2022 година.

2. Го прифати предлогот за продолжување на кризната состојба до 31 декември 2022 година на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението.

3. Го утврди Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението (со која се предлага на Собранието на Република Северна Македонија да одобри продолжување на рокот за постоење на кризната состојба до 31 декември 2022 година) и заклучи да го достави до Собранието на Република Северна Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Беким Сали, министер за здравство и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, а за повереник Стојанче Ангелов, директор на Центарот за управување со кризи.

4. Да не се продолжи рокот за постоење на кризната состојба до 31 декември 2022 година на територија на Република Северна Македонија заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест КОВИД-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението.

5. Го прифати предлогот дека нема потреба од продолжување на кризната состојба во снабдувањето на електрична енергија имајќи го предвид заклучокот на Комисијата за следење на состојбата во снабдувањето со електрична енергија, дека ризиците поради кој беше прогласена и продолжена кризната состојба на територијата на Република Северна Македонија во снабдување со електрична енергија се надминати.

Врз основа на согледувањата на релевантните институции од областа на енергетиката, на наредната седница на Владата да се разгледа потребата од прогласување на кризна состојба во снабдувањето на електрична енергија.

*

*　　　*

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 9:40 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**